Врз основа на член 71 став 2, алинеа 4 и 104, став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08,103/8,26/9,83/09 и 99/2009 година), Одборот за акредитација на 28-та седница одржана на 28.06.2010 година донесе

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

| Примено: 18 VIII 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 106/8 | | |

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на измени и дополнувања на студиската програма за интегрирани петгодишни универзитетски студии, прв и втор циклус циклус, студиска програма по Архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1.Се акредитира изменетата и дополнета студиска програма за интегрирани петгодишни универзитетски студии, **прв и втор циклус**, студиската програма по Архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата, постапката за акредитација, критериумите истандардите за акредитација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација („Службен весник на Република Македонија" бр.121/2010 ) и врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за интегрирани петгодишни универзитетски студии, прв и втор циклус, студиска програма по Архитектура на Архитектонскиот факултетот при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

3. По завршените интегрирани студии (единствени студии од прв и втор циклус), петгодишните студии, се стекнува академско звање : **Магистер инжененер архитект.**

4. Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирик и Методиј" во Скопје е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова

решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија", број 33/03) и Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражувања, структурирани според стандардите на ОЕЦД.

5. Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.
6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје поднесе барање и достави проектот до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на интегрирани петгодишни универзитетски студии од прв и втор циклус за студиските програми по Архитектура.

Одборот за акредитација на својата 27. седница одржана на 12.05.2010 година, формира експерстка комисија за преглед и оценка на Проектот и на 28 седница одржана на 28.06.2010 година врз основа доставениот Проект, и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Проф. д-р Михаил Петковски**